# ПОКАНА ДО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОПШТИНА ШТИП

Општина Штип ги повикува сите заинтересирани граѓански организации да присуствуваат на информативната сесија по повод вториот циклус на финансирање на граѓанските организации, во рамките на проектот ReLOAD 3 - Регионална програма за локална демократија. Проектот е поддржан од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Општина Штип.

05 Октомври 2026 година (понеделник)
11:00 часот
Сала 2 ( 3ти кат) на Советот на Општина Штип,ул. Васил Главинов 4Б, 2000 Штип, Северна Македонија

Целта на информативната сесија е граѓанските организации да се запознаат со можностите и условите за учество во вториот циклус на финансирање, како и со приоритетните области во кои ќе се поддржуваат проекти од јавен интерес.

## ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

### 1. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И ПОДДРШКА НА РАНЛИВИ ГРУПИ

1.1. Активности за социјална инклузија на ранливи категории на граѓани и маргинализирани лица особено Роми, лица со попреченост, самохрани родители и стари лица.
1.2. Програми за неформално образование со цел зголемено вработување или самовработување на лица од ранливи категории во заедницата.

### 2. ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

2.1 Проекти за унапредување и промоција на заштита на животната средина и урбаното зеленило.
2.2 Акции за управување со отпад, рециклирање, климатски отпорни градови.
2.3 Едукација на населението за значењето на енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија, биодиверзитет, вода и воздух.

### 3. МЛАДИНСКИ РАЗВОЈ, ОБРАЗОВАНИЕ И АКТИВИЗАМ

3.1. Поддршка на младински иницијативи, активизам и волонтеризам.
3.2. Програми за зголемување на вештините и дигиталните компетенции на младите за нивно зголемено вработување/самовработување
3.3. Поддршка на проекти за поголема вклученост на младите во културни и спортски активности.
3.4. Промовирање учество на млади во креирање локални политики.

**4. КУЛТУРА, УМЕТНОСТ И ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО**
4.1. Креативни индустрии, локални уметнички колективи.
4.2. Активности за заштита, промоција и афирмација на културното наследство

**5. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНОВАЦИИ**
5.1. Проекти за развој на туристички содржини, дигитални алатки за промоција на општината.

На информативната сесија ќе бидат презентирани основните информации за процесот на аплицирање, условите и критериумите за учество, како и начинот на подготовка и поднесување на проектните предлози. Присутните ќе имаат можност да постават прашања и да добијат дополнителни појаснувања.

Општина Штип ги охрабрува граѓанските организации да се вклучат во процесот и со своите идеи и иницијативи да придонесат кон создавање поодржлива, активна, инклузивна и поврзана локална заедница.

За дополнителни информации: Никола Илиев, координатор на проектот ReLOAD 3 за Општина Штип 078 302 651